**Барање:**

Дали има дирекна или индирекна кинеска воена поддршка за Република Северна Македонија?

Дали има оружје и стоки за двојна употреба што се извезуваат од Република Северна Македонија во НР Кина?

**Одговор:**

По однос на првото прашање, Ве известуваме дека Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија нема дирекна или индирекна поддршка од НР Кина.

Што се однесува на второ поставеното прашање, Ве информираме на следното Министерството за одбрана согласно постоечката законска регулатива не издава и не води официјален регистар на издадени дозволи за извоз на оружје и стоки за двојна употреба и не надлежно за одговор на ова прашање.

Имено, согласно Законот за развој, производство и промет на воени стоки ("Службен весник на РСМ" бр.298/21), Министерството за економија е надлежно за издавање на дозволи за промет на воени стоки, а Управата за наменско производство од Министерството за економија води регистар за издадени дозволи за промет на воени стоки.

Согласно Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба ("Службен весник на РМ" бр. 82/05, 84/07, 158/10, 136/11, 199/14, 191/15 и 53/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 215/21 и 3/25), Министерството за надворешни работи и надворешна трговија е надлежно за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и води евиденција за издадените дозволи за извоз и одбиените барања за добивање дозвола за извоз.

Сметаме дека барателот за пристап до информации од јавен карактер треба ова прашање да го упати до надлежните министерства.